**прегледен труд**

**УДК 929 Трајчев, Г.**

# ГЕОРГИ ТРАЈЧЕВ КАКО ПРОСВЕТЕН ДЕЕЦ, КНИЖЕВНИК И ПУБЛИЦИСТ

**Славчо Ковилоски**
*Институт за македонска литература,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Клучни зборови**: Георги Трајчев, весници, списанија, учител, книжевник, публицист, Прилеп, Мариово, Преспа, Мијаци

**Резиме**: Георги Трајчев бил истакнат македонски просветен деец, книжевник и публицист. Автор е на голем број статии објавувани во тогашните весници и списанија. Со публицистичка дејност се занимавал преку 40 години. Покренал „Македонска библиотека“ во која објавил 13 книги со научно-истражувачки и патописен карактер. Некои од неговите дела претставуваат главен извор за историјата на западните делови на Македонија.

**Key words**: Georgi Trajchev, newspapers, magazines, teacher, writer, publicist, Prilep, Mariovo, Presра, Mijaks

**Summary**: Georgi Trajchev (1869-1945) was a prominent educator, writer and publicist from Macedonia. He was the author of numerous articles published in newspapers and magazines of that period. He founded „Macedonian library“ in which he published 13 books with scientific research and travel literature features. Some of his works are the main source for the history of the western parts of Macedonia.

Георги Трајчев е еден од многуте прилепчани кои со своето творештво оставиле белег во нашата култура и историја. Дел од неговите книги и статии, објавени во периодиката, се основен извор за темите поврзани со нашето револуционерно минато, училишното образование, со црковно-политичките прашања или со природно-научната публицистика. Иако корпусот на негови дела опфаќа најразлични теми и сфери на интереси, неговиот животен пат и творештво досега не беа доволно проучувани, туку најчесто неговото име се споменуваше само како библиографска одредница. Како една од причините за тоа (можеби и најголема) е неговата поврзаност со Егзархијата и неговиот конзервативизам. Сепак, без разлика на неговите политички определби и дејствувања, многубројните дела

произлезени од неговото перо укажуваат на неуморен автор, со широк спектар на познавања од повеќе научни гранки. Токму затоа, нашето внимание ќе го посветиме на неговото творештво кое опфаќа голем број трудови (монографии, статии, студии, репортажи и др.).

Накратко, ќе наведеме неколку основни биографски податоци за Трајчев. Роден бил во Прилеп, 1869-тата година. Основното образование го завршил во родниот град, а гимназија во Солун. Бидејќи немал доволно материјални средства, не можел да добие високо образование, но тоа не му пречело да се самообразува. По завршувањето на Солунската гимназија, на 26 јуни 1889 година, во истата година добил учителско место во Богданци. Со започнувањето на учебната 1889/90 година, започнало и неговото учителствување, кое траело цели 40 години. По една учебна година помината во Богданци, учителствувал во Кавадарци, потоа во Прилеп, Скопје, Сер, Дојран, Неврокоп, Велес, повторно во Прилеп, Ресен, Дебар, Обрзацов Чифлик - покрај градот Русе, уште еднаш во Ресен и во Скопје и најпосле во Софија. Тука и се пензионирал како учител, во IV Софиска прогимназија. Бил директор на училиштата во Дојран, Неврокоп, во Велес и во Прилеп. По Уриетот (1908), ја извршувал и должноста училиштен инспектор (Трайчев, 1930: III). Во меѓувреме, станал член на ТМОРО (1896), но не учествувал директно во четничкото движење, ниту во Илинденското востание. Тогаш ги добил псевдонимите Вестителов и Г. Мајков (Николов, 1999: 23, 25). За време на неговото повторно учителствување во родниот град (1907/08 и 1908/09), бил избран за претседател на прилепскиот околиски комитет. По балканските војни бил принуден да замине во Бугарија. Кратко по војната, се вратил во Македонија, а по Првата светска војна засекогаш емигрирал во Софија, каде што и починал, во 1945 година.

Со оглед на тоа што станува збор за еден, како што навел самиот Трајчев, огромен опус од преку 300 книжевно-историски дела (Трайчев, 1942: 6), ќе се задржиме само на оние негови творби за коишто сметаме дека треба да бидат малку подетално претставени. Нив ќе ги определиме и жанровски. Така, делата на Трајчев можеме да ги категоризираме во 9 групи: „Етнографија и географија“, „Црковно-училишно дело и Педагогика“, „Историја и археологија“, „Природо-научни“, „Општествени и политички прашања“, „Српската пропаганда“, „Револуционерното дело“, „Спомени“ и книгите од „Македонска библиотека“. Трајчев објавил и еден албум со фотографии за Бигорскиот манастир „Бигорски манастир Свети Јован

Претеча“ („Бигорски монастир Свети Иван Предтеча“) со 16 фотографии од манастирот Св. Јован Бигорски и од неговата околина, не вклучувајќи ја насловната страница. Издавањето на албумот не е датирано.

Најмногу од текстовите од раните години на Трајчев можат да се најдат во категоријата „Етнографија и географија“, каде што дал описи на македонски села, на градови и на езера и во „Црковно-училишно дело и Педагогика“, каде што се осврнал на положбата на македонските црковни општини и на учебното дело во Македонија. Во подоцнежните години, особено по Првата светска војна, Трајчев најмногу внимание им посветил на статиите од „Општествено-политички прашања“, како и на „Революционерното дело“. Најмалку текстови има за „Српската пропаганда“, прикази од „Историјата и археологијата“ и „Природо-научни“ прилози. Во посебна категорија спаѓаат неговите спомени: „Спомени од моето 40-годишно учителствување (1889-1929)“ од 1930 година и „Спомени од мојот 50-годишен јубилеј (1891-1941)“ од 1942 година.

Според статистиката што самиот ја водел, Трајчев објавил прилози во дури 31 весник. Најмногу соработувал со „Вести“ (40 прилози), „Македонија“ (39 прилози), „Илинден“ и „Мир“, со по 21 прилог, „Новини“ и „Право“ со по 20 прилози, „Независмост“ (18 прилози), а со по неколку свои објави е застапен и на страниците на „Родина“, „Народен страж“, „Днес“, „Учителски глас“ итн. Статии објавувал и во 9 списанија: „Отец Пајсиј“ (12 прилози), „Прилеп пред 100 г.“ и „Македонија“ со 8 прилози, „Родина“ и „Училишен преглед“ со 6 прилози, „Огниште“ (2 прилога) и со по 1 прилог во „Икономическо д-во“, „Б’лгарска мис’л“ и „Естествознание и география“. Треба да се забележи дека сите негови статии, кои временски се сместени во XIX век, биле објавени во весникот „Новини“. И уште нешто: тој во своите „Спомени“ од 50-годишното учителствување тврди дека објавил 20 статии во овој весник, но при пребарувањето успеавме да евидентираме само 15 текстови потпишани од него. Доколку навистина објавил 20 текста, тогаш тој тоа морал да го направи објавувајќи под псевдоним или како што било често и без потпис. Истото се однесува и на весникот „Вести“, со 31 регистриран текст, наспроти пишувањето на Трајчев за 40 објавени статии (Трайчев, 1942: 6). И останатите понудени бројки од Трајчев за бројот на објави во весниците и во списанијата треба да се земат со резерва.

Во посебна категорија можат да се сместат неговите книги објавувани од 1923 година, кога ја подготвил едицијата „Македонска библиотека“. Во оваа едиција објавил вкупно 13 книги на разни теми. Тој бил издавач, автор и се грижел за нивниот пласман. Броевите на неговите изданија во „Македонска библиотека“ се следните: No. 1 „Мариово“ (по два месеци и второ издание, а во 1942 година и трето неизменето издание); No. 2 „Дојран и неговото езеро“; No. 3 „Преспа“; No. 4 „Преспанското езеро“; No. 5 „Старини од Преспа“; No. 6 „Град Прилеп“; No. 7 „Принос кон историјата на револуционерното дело во Македонија (Прилепско)“; No. 8 „Духовните качества на македонските бугари“; No. 9 француско издание на истата книга („Les gualites Spirituelles des bulgares de Macedoine“); No. 10 „Спомени од моето 40 годишно учителство“; No. 11 „Манастирите во Македонија“ и No. 12 „Книга за Мијаците“. Во рамките на библиотеката влегува и книгата „Спомени од мојот 50 годишен јубилеј (1891-1941)“, иако не е регистрирана во пописот што самиот Трајчев го направил (Трайчев, 1942: 4). Првите книги од оваа библиотека биле брошури кои биле добро прифатени, но многумина му укажувале да се зафати со пишување на поголеми книги, за што требало и „поопширна работа“. Како што самиот забележал, тој ги прифатил тие сугестии и напишал „пообемни трудови“ (Трайчев, 1942: 4). Првата поголема книга од оваа библиотека е „Град Прилеп“, во 1925 година. Книгата содржи 376 страници, а на крајот е дадена и карта на прилепската околија која ја изработил самиот Трајчев. Последните две книги од библиотеката се исто така обемни. „Манастирите во Македонија“ е издадена во 1933 година и има 256 страници. „Книга за Мијаците“ е објавена во 1941 година. Таа, исто така, има 256 страници. Овие книги и најмногу го заслужуваат вниманието на читателите и на нив ќе обрнеме поголемо внимание подолу во текстот.

Првиот објавен текст на Трајчев датира две години од назначувањето за учител во Богданци во 1889/90 година и е поврзан токму со ова населено место. Станува збор за патописот „Опис на село Богданци (Гевгелиско)“, објавен во весникот „Новини“, 1891 година, број 20. Истата година, во истиот весник, во број 43, го објавил и патописот „Опис на град Кавадарци (Тиквешко)“.Тоа се првите два објавени текстови на Георги Трајчев во „Новини“, весник кој на извесен начин го промовирал него како автор и му дозволувал на неговите страници да објавува други текстови. Во истиот весник, во 90-тите години на XIX век, ги објавил и патописните репортажи за

селата Ореовец и Крстец (1894, бр. 35), за Дутли (Серско) (1898, бр. 83), за Кулискиот манастир (Серско) (1899, бр. 95), потоа статиите за црковно-училишното дело „Прилепското неделно училиште и неговата библиотека" (1893, бр. 74), „По изборот на црковно-училишната општина" (1894, бр. 35) и во 1895 година: „Татковинска географија од В. К'нчов (рецензија)" во бр. 27, „Неколку збора за Природната историја и ползата од училишните кабинети" во бр. 28 и „За неуспехот на некои предмети во класните училишта" во бр. 29. Од објавите во XIX век е и историско-археолошката студија „По прашањето за светите Седмочисленици" (1894, бр. 6), а од природно-научните текстови „Кон терминологијата на бугарската фауна", објавени во броевите 62, 69 и 70, од 1899 година. Сите останати дела се датирани по 1900 година, односно во XX век.

Еден од најубавите македонски патописи во XIX век е дело токму на Георги Трајчев. Станува збор за патописот „Една прошетка до с. Дутли (Серско)" (Трайчев, 1897: брой 83, 2-3). Како што самиот наведува на почетокот од патописот, тој од поодамна имал намера да најде некое местенце за да може да излезе од „задушливата Серска атомсфера". Заедно со неговиот пријател А. Н-в, штом пукнала зората, на 19 јули, во недела, тргнале пеш за Дутли, село оддалечено 2 часа од Сер. Описот на природата, на патот, на селската црква, посетата на некои селски куќи, гостопримството, јазикот на селаните, е направен одлично, што доведува до констатацијата дека Трајчев е мошне успешен патописец.: Тој се користи со чист и јасен јазик, не се задржува премногу на еден настан, а тој стил не му дозволува на читателот да ја изгуби концентрацијата при читањето. Настаните што ги опишува се интересни, содржински исполнети со информации и пред сè – живописни.

Од големиот број испратени дописки, рецензии и статии, во весниците, ќе се задржиме на неколку кои сметаме дека се особено значајни за книжевната дејност на Трајчев и кои, истовремено, ги покажуваат интелектуалните капацитети и ставови на нивниот автор. Поради бројноста и долгиот период на објавување материјали, ќе се задржиме само на три текста, објавени во 1895 година, во весникот „Новини".

Првата статија е насловена како „Причините за слабиот успех по некои предмети", објавена во број 29, од 3 јануари (Трайчев, 1895: бр. 29, 1-2). Во неа, Трајчев посочил училишта и учители кај кои се забележувал слаб успех и мерките кои требало да се преземат за

подобрување на истиот. Иако, како што самиот пишува во неговите „Спомени“ од 40-годишното учителствување, „статијата ми беше сосема безнападна и невина, бидејќи не сум имал за цел да прекорувам, напаѓам и клеветам некого јавно“ (Трайчев, 1930: 15), ситуацијата ескалирала до отворен конфликт, најпрво во училиштето во кое предавал Трајчев, а потоа и во еснафската средина. Девет негови колеги поставиле ултиматум во прилепската општина (да си оди или Трајчев или тие ќе си оделе). Бил свикан вонреден состанок на кој била разгледана статијата на Трајчев. „Виновник“ за новонастанатата состојба во која се нашло прилепското образование, на почетокот, не можел да се најде, но по цел месец разгледување на случајот, била донесена одлука Трајчев да добие износ колку што требало да добие до крајот на учебната година и да го напушти прилепското училиште. Набрзо по ова, од Егзархијата бил назначен за учител во Скопје, за учебната 1895/96 година. Димитар Димески овој случај го карактеризира како удар врз конзервативното крило во Прилеп, бидејќи под притисокот на младата учителска интелигенција (Александар Хаџи Панов, Тодор Станков и др.), проегзархиските членови на прилепската општина поднеле оставки. Нивното место го зазеле групата учители од Прилепскиот револуционерен комитет на МРО (Димески, 1982: 191).

Во Скопје (6 декември) го напишал текстот „Татковинска географија од В. К’нчов (рецензија)“, објавен во број 27 од 22 декември (Трайчев, 1895: бр. 27, 2). Како што кажува самиот наслов на текстот, станува збор за рецензија на учебникот „Татковинска географија“ од Васил К’нчов, наменет за учителите од основните училишта. Разгледувањето на учебникот, Трајчев го започнал со забелешка за грешка во истакнување на бројот на страници (120) на корицата, наместо 109 колку што, всушност, имала книгата. Сепак, освен ситните грешки кои не биле толку важни и не ја „збркувале смислата“ на речениците, оценката која Трајчев ја дал, била позитивна. Тој ја препорачал книгата не само на учителите и учениците туку и на сите оние кои сакале да се запознаат со географијата на својата земја. Оваа позитивна рецензија на Трајчев придонела уште повеќе да се зголеми угледот на К’нчов, истакнат просветен работник на Егзархијата. Веќе во следниот број (28) бил објавен уште еден негов поголем текст „Неколку збора за Историја на природата и ползата од училишни кабинети“ (Трайчев, 1895: бр. 28, 2-3). Трајчев укажал на потребата на посебно подготвен наставен кадар којшто требало да го

предава предметот *Историја на природата*. Во рамките на овој предмет се изучувале зоологијата, ботаниката и минерологијата, но поради тоа што не била определена методологијата на предавање, немало соодветни предавачи, како и немањето на соодветни училишни кабинети, успехот бил сосем слаб. Трајчев, со иронија, запишал: „ми се чини дека има богослови и филолози кои предаваат Историја на природата. Во таков случај, учениците ќе имаат познавања од Ист. на природата толку, колку јас од Астрономија“. Тој препорачува на препарателот од Солунската машка гимназија, Јулијан Шумљански, да му се овозможи да ги посети училиштата во Битола, Скопје, во Сер, во Одрин и на тамошните учители по овој предмет да им ги даде потребните упатства за предавање. Како и во претходните статии и во оваа Трајчев пишувал лесно, разбирливо и со поента.

Едицијата „Македонска библиотека“, чиј покренувач бил самиот Трајчев, како што споменавме е сочинета од 12 книги (11 авторски дела и 1 превод на француски јазик). Библиотеката, главно, се однесува на описи, односно на претставување на одредени краишта од Македонија: Преспа и Преспанското Езеро, Дојран и Дојранското Езеро, Мариово итн. Дека станува збор за репортажи, покрај малиот број на страници (31 за Мариово, 32 за Преспанското Езеро), може да се утврди и од стилот на пишување на Трајчев. Пишувајќи за Мариово, тој забележал: „со еден збор, колку измачен да се чувствува патникот, седнат на своето добиче, патувајќи цели 10-12 часа земјен пат за да стигне некое крајно село (Витолишта, Полчишта, Врбско или Живово), толку во душата чувствува наслада кога ќе види, најпосле, по сите пречки, дека се наоѓа во царството на ’вечно зелениот бор‘ – прибежиште на мечката... дивата коза, фазанот, срната и други диви ѕверови“ (Трайчев, 1923: 6). За Преспанското Езеро и за неговата околина запишал: „на секој чекор се сретнуваат плодни дрвја. Има бадеми, смокви, јаболки, круши. А пак лозите од островот даваат, според селаните, толку убаво вино, какво што нема во тој крај“ (Трайчев, 1924: 7). Брошурите немаат научен карактер, освен кратките историски податоци за областите за кои пишувал. Како што претходно споменавме, тие се повеќе репортажи, патописни белешки или документарна литература.

Она што е за издвојување во книгите од оваа библиотека се: „Град Прилеп“, „Манастирите во Македонија“ и „Книга за Мијаците“. Станува збор за дела исполнети со статистика (години, имиња), но и со нагласување на историските причинско-последични врски.

„Град Прилеп“ е најзначајната книга која ја напишал Георги Трајчев. Таа и денес се користи како главен извор за историјата на градот, во периодот на XIX век, односно од преродбата, па сè до балканските војни. Македонската историографија многу се ползува од неа, но во неа материјали за истражување можат да најдат и македонската лингвистика и фолклор. Во „Град Прилеп“ се дадени информации за прилепските манастири, односно за црковната историја, претставени со кратки биографии се главните ликови на прилепската и на македонската преродба и просвета, училишното дело со своите келијни, машки и женски училишта, развојот на ослободителното движење, пред и по формирањето на МРО и, воопшто, историјата на градот, биографски податоци за најпознатите прилепски револуционери, настани од црковниот, училишниот, револуционерниот и од секојдневниот живот на прилепчани, поглавје за карактерните црти на прилепчани, посебно поглавје за прилепскиот говор, за носиите и за разни обичаи, патни соопштенија, информации за секое прилепско село поединечно (местоположба, број на жители и куќи, училишта), за климата, растителниот свет, за топографијата итн.

Интересен е фактот што во монографијата „Град Прилеп“ е вградена или извлечена друга книга: „Принос кон историјата на революционерното дело во Македонија (Прилепско)“ (двете книги се издадени во 1925 година). Се чини Трајчев направил добар потег со тоа што револуционерното движење во Прилеп и прилепско го обработил и го вметнал во монографијата „Град Прилеп“, а истовремено тоа го презентирал и како одделна книга од 112 страници во делото „Принос кон историјата на револуционерното дело во Македонија (Прилепско)“. На тој начин, дал акцент на создавањето на околискиот комитет на МРО во Прилеп, на неговите активности, биографиите на најистакнатите револуционери, на разни настани поврзани со ослободителното движење и др.

Монографијата „Манастирите во Македонија“ претставува своевиден попис на, како што кажува и самиот наслов, манастирите во Македонија. Трајчев дал исклучителен придонес во опишувањето и во претставувањето на македонските манастири од Охридската, од Скопската, Дебарската, Пелагониската, Струмичката, Велешката, Серската, Неврокопската, Воденската, Костурската, Леринската, Солунската, Кукушката и од Драмската епархија, како и на Светогорските манастири. Посебно поглавје издвоил за борбата со пропагандите за владеење на манастирите. Во книгата се сместени 48

фотографии и една карта на Македонија со манастирите и со Света Гора. Во секоја епархија ги презентирал околиите во чии рамки имало манастири. Така, на пример, најмногу манастири регистрирал на територијата на Скопската епархија, дури 34. Тие биле распоредени во тетовската околија, во кумановската, паланечката, кратовската, кочанската, во скопската и во штипската околија. Охридската епархија е застапена со 25 манастири, кои се наоѓале на териториите на охридската околија, струшката, преспанската, на ресенската околија, во леринско, Ѓават-Кол и Демир-Хисар. „Манастирите во Македонија“ е книга која сведочи за богатата духовна култура на Македонците од трите дела на Македонија.

Претпоследната книга од „Македонската библиотека“, која накратко ќе ја разгледаме, всушност, е последната книга со истражувања на Трајчев. Насловена како „Книга за Мијаците“, слично како и монографијата „Град Прилеп“, нуди мноштво информации, овој пат за Мијачијата. Претендирајќи на сеопфатност, на завршена целина, методологијата на работа на „Книгата за Мијаците“ е идентична со онаа на „Град Прилеп“: во краткиот предговор, на две странички биле претставени целите и задачите кои авторот си ги поставил истражувајќи и објавувајќи ја книгата; под предговорот следува користената литература, а потоа се дадени податоци за историјата на Мијачијата, за манастирот Св. Јован Бигорски, за преродбата, за учебното и за револуционерното дело, за мијачката носија, обичаите, за карактерните црти на Мијаците, патни соопштенија итн. На крајот е дадена и една карта на Реканската област од Трајчев. Тој, како училиштен инспектор во дебарската епархија, се запознал со Мијаците и впечатоците решил да ги преточи во книга. За тешкотиите во подготовката на овој труд самиот запишал: „Темата која ја бев избрал не беше лесна.  Многу оскудна или скоро никаква литература немаше на лице за Мијаците. Тоа што има пишувано за нив, тоа се повеќе белешки за нивниот јазик, за нивната носија и за некои обичаи. Ниту еден збор, инаку, не најдов запишан кај нас за да се знае...“ (Трайчев, 1941: III).

Трите презентирани монографии на Трајчев, заедно со неговите помали книгички (брошури), претставуваат една целина за географијата и за историјата на западномакедонските предели. Долги години, тој учителствувал таму. Навистина, Трајчев како учител најдолго се задржал во Сер, цели 5 учебни години и, се разбира, имал голема можност да го истражи Сер и серската околија и материјалите

од истражувањето да ги објави во монографија, но западна Македонија му била поблиска: и по говорот и по обичаите и по начинот на живеење – секако.

На крајот, да ги споменеме двата регистрирани спомени од работата на Трајчев како учител „Спомени од моето 40 годишно учителство (1889-1929)", од 1930 година и „Спомени од мојот 50 годишен јубилеј (1891-1941)", од 1942 година. Всушност, спомен во вистинска смисла на зборот е само изданието од 1930 година, излезено по повод неговото 40-годишно учителствување. Спомените од 1942 година, на 16 страници, претставуваат своевиден документ за доаѓањето на Трајчев во Прилеп, на 23 мај, 1942 година, кога била организирана трибина во негова чест. Во изданието е дадена табела на бројот на објавени трудови на Трајчев, 7 фотографии од чествувањето на јубилејот и неколку извадоци од дневниот печат, поврзани со информации за Трајчев. Од друга страна, пак, „Спомените од моето 40 годишно учителство (1889-1929)", на 137 страници, даваат вистински увид во животот и во работата на Трајчев. Покрај голем број податоци за училишното дело во Македонија (со статистички податоци за училиштата, учителите и за учениците, во сите места, каде што работел Трајчев), тие можат да послужат и како извор за информации за револуционерното движење во Македонија.

Георги Трајчев импонира со своето енциклопедиско знаење. Од таа појдовна точка, тој и настапува: на читателот да му обезбеди што повеќе, макар и пократки, информации на темата која ја обработува. Самиот цртал карти, правел табели со статистики за број на училишта, на ученици и ученички, на учители и учителки, за селата и нивните жители, за бројот на куќите и сл. Може да се забележи дека Трајчев многу ја сакал статистиката и честопати се користел со неа. Користејќи ги неговите зборови од рецензијата на „Татковинската географија" на Васил К'нчов и тука можат да се најдат неточности, но тие не влијаат премногу на севкупната слика за истражувачката работа на Трајчев. Сепак, отфрлувајќи ги неговите субјективности, сè на сè, Трајчев добро си ги сработувал зададените задачи.

**Литература**:

Димески, Димитар. 1982. *Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), второ издание.* Студентски збор, Скопје.

Николов, Борис. 1999. *ВМОРО - псевдоними и шифри 1893-1934*. Звезди, София.

Трайчев, Георги. 1895. „Книжнина: Отечествена география отъ В. Кѫнчов (рецензия)“. *Новини*, бр. 27, 2.

Трайчев, Георги. 1895. „Нѣколку думи върху Естетствената История и ползата отъ училищните кабинети“. *Новини*, бр. 28, 2-3.

Трайчев, Георги. 1895. „Нѣколку думи върху неуспѣха по нѣкои предмети въ класнитѣ училища и мерките против него“. *Новини*, брой 29, 1-2.

Трайчев, Георги. 1897. „Една расходка до с. Дутли (Сърско)“. *Новини*, брой 83.

Трайчев, Георги. 1923. *Мариово*. София.

Трайчев, Георги. 1924. *Преспанското езеро*. София.

Трайчев, Георги. 1930. *Спомени отъ моето 40 годишно учителство (1889-1929 г.)*. Печатница П. Глушковъ, София.

Трайчевъ, Георги. 1925. *Градъ Прилѣп*. София.

Трайчевъ, Георги. 1925. *Приносъ къмъ историята на революционното дѣло въ Македония (Прилепско)*. София.

Трайчевъ, Георги. 1933. *Манастиритѣ въ Македония*. София.

Трайчевъ, Георги. 1941. *Книга за Мияцитѣ*. София.

Трайчевъ, Георги. 1942. *Спомени отъ 50-годишниятъ ми юбилеи (1891-1941)*. София.